**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**
**Бр.** 03-339
25.08 **2021 година**
**С к о п ј е**

Врз основа на член 18 став 1 алинеја 20 и член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.42/20 и 77/21), а во врска со член 14 и член 29 од Законот за медиуми („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13 и 13/14), точка 6 од Упатството за исполнување на обврските за импресум и информации достапни за корисниците, арх.бр.01-4443/1 од 09.10.2018 година, точка 7 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст) арх.бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година, Писмениот извештај за извршен административен надзор арх.бр.10-2827/1 од 26.07.2021 година и Заклучокот арх.бр.02-3165/11 од 24.08.2021 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на 23-та седница одржана на 24.08.2021 година, го донесе следното:

**Решение**
**за преземање мерка - јавна опомена**

1. ЈАВНО СЕ ОПОМЕНУВА Трговското радиодифузно друштво (ТРД) СИТИ ТЕЛЕВИЗИЈА ДООЕЛ Скопје, заради извршена повреда на член 14 од Законот за медиуми, на начин што програмскиот сервис на радиодифузерот, емитуван на 6-ти јули 2021 година, во изданијата на емисиите: „Сакраментум“, „Фокус“, „Во добра форма“, „Сити Ролл“, „RPM.mk“ и „Бајка“ – реализирани низ различни ТВ-жанрови и со различна програмска функција, не ги објави податоците за импресумот, кои е должен да ги емитува на соодветно место за секоја содржина од програмскиот сервис.

Повредата од став 1 од оваа точка, специфицирана е во Писмениот извештај за извршен административен надзор, арх.бр.10-2827/1 од 26.07.2021 година, кој е составен дел на ова решение како Прилог бр.1.

2. МУ СЕ НАЛОЖУВА на ТРД СИТИ ТЕЛЕВИЗИЈА ДООЕЛ Скопје во рок од 45 (четириесет и пет) дена од денот на приемот на ова Решение, да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за медиуми.

3. По истекот на рокот определен во точка 2 од ова решение, да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова Решение, постапил по Решението.

4. Ова Решение е конечно, а како ден на негово донесување се смета денот на неговата заверка во Архивата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

**О б р а з л о ж е н и е**

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Агенцијата) врз основа на член 29 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (ЗАВМУ) и член 29 од Законот за медиуми (ЗМ) надлежна е да врши административен надзор на работењето на издавачите на медиуми од аспект на усогласеноста на нивното работење со обврските од членовите 6, 8, 14 и 15 од ЗМ.

Во согласност со член 23 став 1 алинеја 1 од ЗАВМУ, Советот на Агенцијата презема мерка - решение за јавна опомена согласно со овој Закон, во случаите кога е извршена

повреда на одредбите од ЗАВМУ и подзаконските акти донесени врз основа на истиот, како и на условите и обврските утврдени со дозволата и други акти на Агенцијата.

Во согласност со член 29 став 2 од ЗМ, мерките кои Агенцијата како надлежно регулаторно тело може да ги преземе, а кои се утврдени во ЗАВМУ, соодветно се применуваат и во случај на повреда на одредбите од ЗМ.

Според членот 14 од ЗМ, издавачот на медиумот е должен на видно место за секој поединечен носител на содржина (на пример примерок од печатен медиум и телевизиска емисија) да обезбеди објавување на следниве податоци: назив и адреса на седиштето и уредништвото на издавачот на медиум, име на одговорното лице на издавачот на медиум, име и презиме на одговорниот уредник, односно уредниците во согласност со внатрешната организација на уредништвото и назив и адреса на печатницата и датумот на печатење или препечатување, како и бројот на печатени примероци, кога се работи за печатен медиум. За радиодифузери погоренаведената обврска се применува на тој начин што податоците се објавуваат на почеток или на крајот на аудио/аудиовизуелните програми. Издавачот на медиум е должен на соодветно место за секоја содржина да ги објави следниве податоци: име и презиме на авторот на објавениот прилог, име и презиме на лицето, односно фирмата носител на авторски права за објавените содржини, освен во печатениот медиум и радио програмите, датум на продукцијата (месец и година) кога се работи за аудио/аудиовизуелно дело, потекло на аудио/аудиовизуелното дело, а доколку делото е создадено од независна продукција и информација за истото, името на правното, односно името и презимето на лицето кое го чува користеното културно добро или архивско дело, односно соодветната репродукција и името на издавачот на медиум од кој е преземен програмскиот прилог или исечок од програмскиот прилог, освен ако со меѓусебен договор поинаку не е уредено.

Согласно точка 6 од Упатството за исполнување на обврските за импресум и информации достапни за корисниците, арх.бр.01-4443/1 од 09.10.2018 година, кај другите програми од сопствено производство, импресумот се објавува така што: на најавната или одјавната шпица се објавуваат следниве податоци: името и презимето на одговорниот уредник на програмскиот сервис; името и презимето на одговорниот уредник на редакцијата од која произлегува програмата (доколку има); името и презимето на уредникот/авторот/водителот на емисијата; името и презимето на ко-авторите, односно севкупната телевизиска екипа со удел во целината на аудиовизуелното дело; називот на субјектот што ја произвел програмата (самиот радиодифузер, копродуцентите, независниот продуцент кому му била нарачана програмата); датум на продукцијата (месец и година). Доколку е применливо, треба да се објават и податоци за: името на правното лице, односно името и презимето на лицето кое го чува користеното културно добро или архивско дело, односно репродукцијата на делото; името на друг субјект од кој е преземен одреден прилог или дел од прилог, освен ако со меѓусебен договор не е уредено поинаку.

Агенцијата во рамките на своите законски надлежности, преку Секторот за програмски работи, на 6-ти јули 2021 година, изврши редовен административен надзор на телевизискиот програмски сервис на ТРД СИТИ ТЕЛЕВИЗИЈА ДООЕЛ Скопје, на регионално ниво, при што констатираше прекршување на член 14 од Законот за медиуми. Безмалку за целината на програмскиот сервис емитуван на 6-ти јули, не се објавени податоците со кои се идентификуваат уредниците, (ко) авторите и реализаторската ТВ-екипа што учествувале во подготовката на аудиовизуелните содржини. Спротивно на точката 6 од Упатството за исполнување на обврските за импресум и информации достапни за корисниците – нема ни најавна ни одјавна шпица за документарните програми - „*Сакраментум*“, „*Фокус*“, „*Места*“, потоа за емисијата - „*Во добра форма*“, од областа на физичката култура и рекреацијата, ниту, пак, за - „*Сити Ролл*“, музичко-говорна емисија, за – „*RPM.mk*“, забавно-информативната емисија за автомобилизам, ни за - „*Бајка*“, играната, анимирана програма. Односно, на ниту еден начин не се објавени неопходните податоци за импресумот: - име и презиме на уредник/уредници; - автор/автори; - име и презиме на лица од реализаторска екипа со значаен ангажман во изработка на емисиите (сниматель, монтажер, техничка обработка, и сл.). Згора на тоа, аналитичкиот увид извршен посебно врз емитуваниот документарен ТВ-материјал, кај одредени програмски целини покажува - колажна постапка, применета за илустрација на компаративни податоци, како обид да се поврзат глобални и локални теми од областа на географијата, историјата и на антропологијата („*Сакраментум*“) или, пак, на темите – цивилизациски достигнувања и човекови права („*Фокус*“), но токму поради недостиг од најавна / одјавна шпица, не може да се утврди ни - „изворното“, продукциско потекло на уредувачки обликуваниот ТВ-материјал. Во овој контекст се административните забелешки и за

емитуваните изданија на - *RPM.mk* - забавно-информативната емисија за автомобилизам, без уредувачки интервенции преземени од истоимениот приватен Youtube канал.

Повредата од точка 1 од ова Решение, специфицирана е во Писмениот извештај за извршен административен надзор, арх.бр.10-2827/1 од 26.07.2021 година, кој е составен дел на ова решение како Прилог бр.1.

Согласно член 23 став 3 од ЗАВМУ, Советот на Агенцијата до ТРД СИТИ ТЕЛЕВИЗИЈА ДООЕЛ Скопје, испрати Допис наш Уп1 бр.03-339 од 27.07.2021 година, со кој му го достави Писмениот извештај за извршен административен надзор, арх.бр.10-2827/1 од 26.07.2021 година, со цел во рок од 7 (седум) работни денови од денот на приемот на дописот, до Советот на Агенцијата да достави изјаснување во писмена форма за стореното прекршување на одредбите од Законот за медиуми. Во предвидениот рок, односно на 28.07.2021 година ТРД СИТИ ТЕЛЕВИЗИЈА ДООЕЛ Скопје до Агенцијата достави Писмено изјаснување Уп1 бр.03-339 од 28.07.2021 година. Советот на Агенцијата на седницата одржана на 24.08.2021 година, го разгледа предметниот Писмен извештај и доставеното Писмено изјаснување Уп1 бр.03-339 од 28.07.2021 година и заклучи на ТРД СИТИ ТЕЛЕВИЗИЈА ДООЕЛ Скопје, да му се изрече мерка – јавна опомена.

Следствено на напред наведеното, врз основа на член 18 став 1 алинеја 20 и член 23 став 1 алинеја 1 од ЗАВМУ, а во врска со член 14 и член 29 од ЗМ, точка 6 од Упатството за исполнување на обврските за импресум и информации достапни за корисниците, точка 7 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка, Писмениот извештај за извршен административен надзор арх.бр.10-2827/1 од 26.07.2021 година и Заклучокот арх.бр.02-3165/11 од 24.08.2021 година, поради констатирано непочитување на одредбите од Законот за медиуми, утврдено во точка 1 на ова Решение, Советот на Агенцијата на седницата одржана на 24.08.2021 година, донесе Решение со кое јавно се опоменува ТРД СИТИ ТЕЛЕВИЗИЈА ДООЕЛ Скопје и му се наложува во рок од 45 (четириесет и пет) дена од денот на приемот на ова решение, да го усогласи своето работење со одредбите од ЗМ. По истекот на рокот определен во точка 2 од ова Решение, да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова Решение, постапил по Решението.

Согласно член 24 од ЗАВМУ, ова Решение е конечно и против него издавачот на медиум (радиодифузерот) може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

Врз основа на горе наведеното, се донесе решение како во диспозитивот.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Совет,**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**

**Правна поука:** Против ова решение радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**Прилог (1):**

1) Писмен извештај за извршен административен надзор, арх.бр.10-28271 од 26.07.2021 година.

**Доставено до:**

- ТРД СИТИ ТЕЛЕВИЗИЈА ДООЕЛ Скопје;
- Управителот на ТРД СИТИ ТЕЛЕВИЗИЈА ДООЕЛ Скопје;
- Одговорното лице на програмата во ТРД СИТИ ТЕЛЕВИЗИЈА ДООЕЛ Скопје;
- Секторот за правни работи и јавни набавки;
- Секторот за стратешко планирање и авторски права; и
- Назначените лица во Агенцијата за водење на уписникот Уп1.

АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

---

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 29 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 42/20 и 77/21), се доставува:

Република Северна Македонија
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ – СКОПЈЕ
Republika E Maqedonisë Së Veriut
AGJENCIA PËR SHËRBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE – SHKUP

| Примено / Pranuar: | 26.07.2021 | | |
|---|---|---|---|
| Организ. единица / Njësia org. | Број / Numër | Прилог / Shtesë | Вредност / Vlerë |
| 10 | 2827 | 1 | |

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН АДМИНИСТРАТИВЕН НАДЗОР**

1. **Вид надзор:** Редовен;
2. **Субјект на надзорот:** Трговско радиодифузно друштво СИТИ ТЕЛЕВИЗИЈА ДООЕЛ Скопје;
3. **Период опфатен со надзорот:** 6 јули 2021 година;
4. **Датум на извршување на надзорот:** 26 јули 2021 година;
5. **Предмет на надзорот:**
   - **Член 14 од Законот за медиуми** (Импресум);
   - **Член 51 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (Информации достапни за корисниците);
   - **Упатство за исполнување на обврските за импресум и информации достапни за корисниците** (Бр.01-4443/1 од 09.10.2018 година);
   - **Член 97 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (Идентификација на радиодифузер);
6. **Претходно изречена мерка:** /
7. **Констатации од надзорот:**

Со редовниот административен надзор врз телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво СИТИ ТЕЛЕВИЗИЈА ДООЕЛ Скопје, емитуван на 6 јули 2021 година, на регионално ниво, констатирани се прекршувања на административните обврски од членот 14 од Законот за медиуми.

Безмалку за целината на програмскиот сервис емитуван на 6 јули 2021 година, не се објавени податоците со кои се идентификуваат уредниците, (ко)авторите и реализаторската ТВ-екипа што учествувале во подготовката на аудиовизуелните содржини.

Спротивно на точката 6 од Упатството за исполнување на обврските за импресум и информации достапни за корисниците – нема ни најавна ни одјавна шпица за документарните програми - „*Сакраментум*", „*Фокус*", „*Места*", потоа за емисијата - „*Во добра форма*", од областа на физичката култура и рекреацијата, ниту, пак, за -

„*Сити Ролл*", музичко-говорна емисија, за – „*RPM.mk*", забавно-информативната емисија за автомобилизам, ни за - „*Бајка*", играната, анимирана програма. Односно, на ниту еден начин не се објавени неопходните податоци за импресумот: - име и презиме на уредник/уредници; - автор/автори; - име и презиме на лица од реализаторска екипа со значаен ангажман во изработка на емисиите (сниматеп, монтажер, техничка обработка, и сл.).

Згора на тоа, аналитичкиот увид извршен посебно врз емитуваниот документарен ТВ-материјал, кај одредени програмски целини покажува - колажна постапка, применета за илустрација на компаративни податоци, како обид да се поврзат глобални и локални теми од областа на географијата, историјата и на антропологијата („*Сакраментум*") или, пак, на темите – цивилизациски достигнувања и човекови права („*Фокус*"), но токму поради недостиг од најавна / одјавна шпица, не може да се утврди ни - „изворното", продукциско потекло на уредувачки обликуваниот ТВ-материјал. Во овој контекст се административните забелешки и за емитуваните изданија на - *RPM.mk* - забавно-информативната емисија за автомобилизам, без уредувачки интервенции преземени од истоимениот приватен Youtube канал.

**06.07.2021 г.**

| Наслов на емисијата | Период на емитување | | Опис на прекршувањето |
|---|---|---|---|
| | почеток | крај | |
| *„Сакраментум" – документарна програма* | 00:00:00 | 00:05:51 | Ни на најавна ни на одјавна шпица не се објавени податоци за импресумот - идентификација на уредниците, авторите - новинари, ниту, пак, за реализаторската екипа на емисиите; |
| | 00:11:05 | 00:19:00 | |
| | 00:22:41 | 00:28:14 | |
| | 01:14:51 | 01:22:56 | |
| | 01:29:42 | 01:36:45 | |
| | 01:41:37 | 01:47:48 | |
| | 02:01:55 | 02:11:14 | |
| | 02:14:10 | 02:21:26 | |
| | 03:16:20 | 03:23:21 | |
| | 03:23:27 | 03:29:00 | |
| | 03:47:30 | 03:53:43 | |
| | 04:15.45 | 04:25:04 | |
| | 04:25:10 | 04:32:32 | |
| | 04:36:23 | 04:41:55 | |
| | 05:00:04 | 05:07:14 | |
| | 05:07:20 | 05:12:53 | |
| | 05:31:29 | 05:37:41 | |
| | 06:00:00 | 06:09:02 | |
| | 06:09:12 | 06:16:31 | |
| | 06:20:23 | 06:25:55 | |
| | 07:18:43 | 07:26:49 | |
| | 07:54:27 | 08:03:46 | |
| | 08:06:19 | 08:12:30 | |
| | 09:11:35 | 09:19:40 | |
| | 10:46:19 | 10:51:50 | |
| | 11:26:37 | 11:32:09 | |
| | 11:35:00 | 11:43:05 | |
| | 11:43:11 | 11:49:24 | |
| | 13:01:54 | 13:07:26 | |
| | 13:12:36 | 13:18:48 | |
| | 14:44:24 | 14:50:36 | |
| | 15:53:25 | 16:00:28 | |
| | 17:03:16 | 17:10:18 | |
| | 18:05:14 | 18:10:45 | |
| | 19:52:57 | 19:59:29 | |
| | 22:26:06 | 22:33:07 | |
| | 22:33:19 | 22:38:50 | |
| | 23:06:51 | 23:14:56 | |
| | 23:25:51 | 23:35:10 | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| *„Бајка – Принцот кој бараше бесмртност" - играна програма (анимиран филм);* | 09:21:14 | 09:36:14 | |
| | 10:54:34 | 11:09:36 | |
| | 16:21:57 | 16:36:59 | |
| *„Фокус" – документарна програма* | 00:55:17 | 01:08:07 | |
| | 01:47:55 | 01:57:37 | |
| | 03:03:23 | 03:06:13 | |
| | 03:32:33 | 03:43:46 | |
| | 04:00:01 | 04:12:05 | |
| | 04:47:16 | 05:00:06 | |
| | 05:16:25 | 05:27:38 | |
| | 05:44:00 | 05:56:05 | |
| | 09:36:20 | 09:46:12 | |
| | 11:14:26 | 11:26:30 | |
| | 11:50:57 | 12:00:46 | |
| | 12:05:11 | 12:18:03 | |
| | 12:44:00 | 12:53:44 | |
| | 13:49:28 | 13:55:07 | |
| | 14:29:39 | 14:42:29 | |
| | 15:34:17 | 15:44:00 | |
| | 17:38:08 | 17:50:58 | |
| | 18:13:31 | 18:26:21 | |
| | 19:06:53 | 19:16:45 | |
| | 19:43:14 | 19:48:42 | |
| *„Во добра форма" – програма за физичка култура и рекреација;* | 00:06:17 | 00:10:49 | |
| | 00:19:07 | 00:22:35 | |
| | 01:36:51 | 01:41:29 | |
| | 01:57:50 | 02:01:49 | |
| | 02:44:24 | 02:48:27 | |
| | 03:29:06 | 03:32:26 | |
| | 03:43:52 | 03:47:25 | |
| | 03:56:27 | 03:59:54 | |
| | 04:12:18 | 04:15:38 | |
| | 04:32:38 | 04:36:11 | |
| | 05:12:59 | 05:16:18 | |
| | 05:27:45 | 05:31:17 | |
| | 05:40:25 | 05:43:53 | |
| | 05:56:17 | 05:59:37 | |
| | 06:16:39 | 06:20:10 | |
| | 07:13:38 | 07:17:10 | |
| | 07:26:58 | 07:31:33 | |
| | 11:09:42 | 11:14:20 | |
| | 12:01:00 | 12:05:05 | |
| | 12:18:09 | 12:22:46 | |
| | 13:45:56 | 13:49:15 | |
| | 13:55:13 | 13:58:41 | |
| | 14:25:22 | 14:29:27 | |
| | 14:53:19 | 14:56:47 | |
| | 15:27:31 | 15:31:17 | |
| | 15:44:07 | 15:47:35 | |
| | 15:49:14 | 15:53:18 | |
| | 16:37:06 | 16:40:26 | |
| | 17:10:24 | 17:14:28 | |
| | 17:52:32 | 17:56:19 | |
| | 18:26:29 | 18:30:01 | |
| | 18:48:58 | 18:52:27 | |
| | 19:38:29 | 19:43:07 | |
| | 19:48:49 | 19:52:21 | |
| | 21:19:04 | 21:23:09 | |
| | 22:21:54 | 22:25:59 | |
| | 23:21:39 | 23:25:44 | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| „Места“ – документарна програма | 00:28:26 | 00:29:52 | |
| | 01:26:37 | 01:28:03 | |
| | 02:11:20 | 02:12:30 | |
| | 02:57:53 | 02:59:20 | |
| | 03:53:49 | 03:55:00 | |
| | 04:42:02 | 04:43:13 | |
| | 05:37:38 | 05:38:58 | |
| | 07:10:00 | 07:11:00 | |
| | 08:03:54 | 08:04:51 | |
| | 10:51:57 | 10:53:07 | |
| | 11:32:21 | 11:33:33 | |
| | 12:22:52 | 12:23:47 | |
| | 13:18:55 | 13:20:09 | |
| | 13:58:48 | 13:59:58 | |
| | 14:50:43 | 14:51:46 | |
| | 15:31:23 | 15:32:50 | |
| | 16:19:19 | 16:20:30 | |
| | 17:14:35 | 17:15:29 | |
| | 18:10:51 | 18:12:04 | |
| | 19:04:28 | 19:05:26 | |
| | 19:59:40 | 20:00:52 | |
| | 20:50:27 | 20:51:31 | |
| | 21:46:04 | 21:47:14 | |
| | 22:41:41 | 22:43:35 | |
| | 23:38:00 | 23:39:12 | |
| | | | |
| „RPM.мк“ – забавна емисија за автомобилизам (преземено од приватен Youtube канал); | 09:46:19 | 09:59:46 | |
| | 13:07:33 | 13:12:31 | |
| | 14:42:36 | 14:44:18 | |
| | 17:56:26 | 18:05:06 | |
| | 18:59:11 | 19:00:53 | |
| | 19:38:01 | 19:38:23 | |
| | | | |
| „Сити Ролл“ – музичко-говорна емисија; | 00:31:20 | 00:52:27 | |
| | 02:21:34 | 02:44:16 | |
| | 06:26:01 | 06:47:09 | |
| | 06:48:41 | 07:09:47 | |
| | 12:25:14 | 12:43:54 | |
| | 13:21:41 | 13:44:23 | |
| | 14:01:24 | 14:25:15 | |
| | 14:56:53 | 15:27:23 | |
| | 16:00:33 | 16:19:13 | |
| | 16:40:32 | 17:01:37 | |
| | 17:16:57 | 17:38:02 | |
| | 18:30:07 | 18:48:46 | |
| | 19:16:50 | 19:37:55 | |
| | 20:02:18 | 20:48:49 | |
| | 20:52:57 | 21:14:03 | |
| | 21:23:15 | 21:45:58 | |
| | 21:51:18 | 22:21:48 | |
| | 22:44:02 | 23:06:45 | |
| | 23:40:40 | 23:59:59 | |

8. Опис на прекршувањето:

**Спротивно на членот 14 од Законот за медиуми**, програмскиот сервис на ТРД СИТИ ТЕЛЕВИЗИЈА ДООЕЛ Скопје, на 6 јули 2021 година, во изданијата на емисиите: „*Сакраментум*“, „*Фокус*“, „*Во добра форма*“, „*Сити Ролл*“, „*RPM.mk*“ и „*Бајка*“ – реализирани низ различни ТВ-жанрови и со различна програмска

функција, не ги објави податоците за импресумот, кои е должен да ги емитува на соодветно место за секоја содржина од програмскиот сервис.

9. **Предлог мерка:**

- Советот на Агенцијата да донесе решение за изрекување мерка јавна опомена на телевизискиот програмски сервис на Трговско радиодифузно друштво СИТИ ТЕЛЕВИЗИЈА ДООЕЛ Скопје и во согласност со точката 7 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка бр. 01-6039/1 од 20.10.2015 година, да му наложи во рок од 45 дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за медиуми; и
- Да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот) постапил по изречената мерка јавна опомена (во целост, делумно или не постапил), по истекот на рокот определен во поединечниот акт (решение), донесен од страна на Советот на Агенцијата.

***Сектор за програмски работи***